ПРИЛОГ XII
ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

ИСКЗ Оператор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. ПРОГРАМА ЗАПОДОБРУВАЊЕ 3

1. ПРОГРАМА ЗАПОДОБРУВАЊЕ

Операторот што поднесува барање за Б – интегрирана еколошка дозвола приложува Предлог – програма за подобрување на работата на постоечката инсталација и заштита на животната средина.

Бидејќи се работи за постоечка фарма за одгледување на кокошки несилки, инсталацијата е во функција и располага со воспоставен технолошки процес, соодветна опрема и инфраструктура. Опремата и техничките решенија што се користат овозможуваат континуирано и безбедно одвивање на производниот процес, при што се применуваат мерки за заштита на животната средина, здравјето на луѓето и благосостојбата на животните.

Оваа програма има за цел дополнително унапредување на постојните технички и организациски мерки, како и целосна усогласеност со важечкото законодавство од областа на животната средина.

Можните мерки за подобрување на процесот се дадени во програмата за подобрување со соодветни активности за нивно спроведување и контрола.

Во прилог се дадени предлог мерки за контрола на влијанијата од работењето на фармата и обезбедување целосна усогласеност со законодавството за животна средина:

1. Редовна контрола и чистење на септичката јама за отпадни води од страна на овластена компанија, со водење соодветна евиденција и документација.
2. Редовно собирање и отстранување на создадениот отпад преку овластени оператори и водење уредна евиденција.
3. Селекција на отпадот на местото на создавање во посебно означени садови.
4. Редовно одржување и сервисирање на системот за вентилација и ладење со цел обезбедување нормално функционирање и намалување на емисиите на мириси и амонијак.
5. Управување со отпадот согласно одредбите од Поглавје V од релевантното законодавство.
6. Предавање на живинското ѓубриво и угинатата живина на овластени превземачи на отпад со кои операторот има склучено договори за соработка.
7. Спроведување редовен годишен мониторинг на емисиите во воздух.
8. Спроведување редовен годишен мониторинг на емисиите на бучава во животната средина.
9. Редовна обука на персоналот за заштита на животната средина и правилно управување со отпад и живински измет.
10. Ажурирање и спроведување на план за итни случаи (пожар, инциденти, болести кај живината).

Со имплементација на наведените мерки ќе се обезбеди континуирано подобрување на еколошките перформанси на Голден Ег, намалување на потенцијалните негативни влијанија врз животната средина и целосна усогласеност со условите од идната Б-интегрирана еколошка дозвола.

Програмата за подобрување со соодветните мерки,временскиот рок за реалцијација на мерките и одговорноста е дадена во следната табела.

Табела Програма за подобрување

Мерка за подобрување	Рок за реализација	Одговорно лице	Индикатор на реализација
Редовна контрола и чистење на септичката јама за отпадни води од страна на овластена компанија, со водење соодветна евиденција и документација.	Континуирано (најмалку 1-2 пати годишно)	Управител	Договор и евиденција за празнење
Редовно собирање и отстранување на создадениот отпад преку овластени оператори и водење уредна евиденција.	Континуирано	Управител	Транспортни листови и евиденција
Селекција на отпадот на местото на создавање во посебно означени садови.	Континуирано	Управител	Поставени и означени садови
Редовно одржување и сервисирање на системот за вентилација и ладење со цел обезбедување нормално функционирање и намалување на емисиите на мириси и амонијак.	Континуирано (минимум 1 сервис годишно)	Управител	Записник од сервисирање
Управување со отпадот согласно одредбите од Поглавје V од релевантното законодавство.	Континуирано	Управител	Усогласена документација
Предавање на живинското ѓубриво и угинатата живина на овластени превземачи на отпад со кои операторот има склучено договори за соработка.	Континуирано	Управител	Договори со овластени превземачи
Спроведување редовен годишен мониторинг на емисиите во воздух.	Еднаш годишно	Управител	Извештај од акредитирана лабораторија
Спроведување редовен годишен мониторинг на емисиите на бучава во животната средина.	Еднаш годишно	Управител	Извештај од акредитирана лабораторија
Редовна обука на персоналот за заштита на животната средина и правилно управување со отпад и живински измет.	Еднаш годишно	Управител	Записник од обука
Ажурирање и спроведување на план за итни случаи (пожар, инциденти, болести кај живината).	Ажурирање Еднаш годишно и по потреба	Управител	Усвоен и достапен план

KPAJ